## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

Член 1

Во Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија" број 50/10, 44/14, 150/15 и 31/16), во член 18 во точката 4) запирката се заменува со сврзникот „и".

Во точката 5) алинеја 4 сврзникот „или" се заменува со запирка.

Во алинејата 5 по зборот „бода" се додава сврзникот „или".

По алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)".

Точката 6) се брише.

Член 2

Одредбите од членот 18 точка 5) од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Македонија" број 50/10, 44/14, 150/15 и 31/16), и одредбите од членот 1 од овој закон со кој членот 18 точка 5) се дополнува со нова алинеја 6, нема да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година.

Член 3

Членовите на Комисијата кои се именувани во периодот од денот на влегувањето во сила на овој закон до 1 септември 2018 година, се должни да го исполнат условот за познавање на англиски јазик најдоцна во рок од една година од денот на нивното именување.

На членовите на Комисијата кои нема да го исполнат условот за познавање на англиски јазик во рокот утврден во ставот 1 на овој член им престанува мандатот.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PENGIM DHE MBROJTJE NGA DISKRIMINIMI

Neni 1

Në Ligjin për pengim dhe mbrojtje nga diskriminimi ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 50/10, 44/14, 150/15 dhe 31/16), në nenin 18 në pikën 4) presja zëvendësohet me lidhëzën "dhe".

Në pikën 5) në alinenë 4 lidhëza "ose" zëvendësohet me presje.

Në alinenë 5 pas fjalës "pikë" shtohet lidhëza "ose".

Pas alinesë 5 shtohet aline e re 6, si vijon:

"-APTIS (APTIS) - së paku niveli B2 (B2)".

Pika 6) shlyhet.

Neni 2

Dispozitat nga neni 18 pika 5) të Ligjit për pengim dhe mbrojtje nga diskriminimi ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 50/10, 44/14, 150/15 dhe 31/16), dhe dispozitat nga neni 1 i këtij ligji me të cilin neni 18 pika 5) plotësohet me aline të re 6, nuk do të zbatohen nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator 2018.

Neni 3

Anëtarët e Komisionit të cilët janë të emëruar në periudhën nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji deri më 1 shtator 2018, janë të obliguar ta plotësojnë kushtin për njohjen e gjuhës angleze më së voni në afat prej një viti nga dita e emërimit të tyre.

Anëtarëve të Komisionit të cilët nuk do ta plotësojnë kushtin për njohjen e gjuhës angleze në afatin e përcaktuar në paragrafin 1 të këtij neni, u ndërpritet mandati.

Neni 4

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**293.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.

Бр. 08-760/1
30 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ И ДЕЛОВНИТЕ ПРОСТОРИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 13/13, 69/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 6/16 и 106/16), членовите 6-а, 11-а и 11-б се бришат.

Член 2

Започнатите постапки до денот на влегувањето во сила на овој закон за продажба и давање под закуп на деловен простор согласно со членот 6-а од Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 13/13, 69/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 6/16 и 106/16), ќе завршат согласно со овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR SHITJE DHE DHËNIE ME QIRA TË NDËRTESAVE AFARISTE DHE HAPËSIRAVE AFARISTE TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË

Neni 1

Në Ligjin për shitje dhe dhënie me qira të ndërtesave afariste dhe hapësirave afariste të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 13/13, 69/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 6/16 dhe 106/16), nenet 6-a, 11-a dhe 11-b shlyhen.

Neni 2

Procedurat e filluara deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji për shitjen dhe dhënien me qira të hapësirës afariste në pajtim me nenin 6-a nga Ligji për shitje dhe dhënie me qira të ndërtesave afariste dhe hapësirave afariste të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 13/13, 69/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 6/16 dhe 106/16), do të përfundojnë në pajtim me këtë ligj.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**294.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за електронските комуникации, што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2018 година.

Бр. 08-761/1
30 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ КОМУНИКАЦИИ

Член 1

Во Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ број 39/14, 188/14, 44/15 и 193/15), во членот 168 став (2) зборовите: „членовите 175 и 176 од овој закон“ се заменуваат со зборовите: „членот 176 од овој закон и Законот за следење на комуникациите“.

Член 2

Во членот 169 став (1) зборовите: „членовите 175 и 176 од овој закон“ се заменуваат со зборовите: „членот 176 од овој закон и Законот за следење на комуникациите“.

Член 3

Членот 175 се брише.

Член 4

Во членот 178 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Операторите се должни да ги задржуваат податоците за моменталната географска, физичка или логичка локација на терминалната опрема на своите претплатници, односно корисници независно од нивната комуникациска активност. Операторите ги задржуваат овие податоци за последните 72 часа.“.

Член 5

Во членот 181 став (1) точките 42), 43), 44), 45), 46), 47), 48) и 49) се бришат.

Точките 50), 51), 52), 53), 54), 55) и 56) стануваат точки 42), 43), 44), 45), 46), 47) и 48).

По точката 57) која станува точка 49) се додаваат две нови точки 50) и 51), кои гласат:

„50) не ги задржува видовите на податоци утврдени во членот 178 став (6) од овој закон и

51) не ги задржува податоците во временски период согласно со членот 178 став (6) од овој закон.“.

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува со денот на започнувањето на примената на Законот за следење на комуникациите.